РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА
НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
Бр 03-66/1
22.02 2024 год.
СКОПЈЕ

АКАЗУМ

# АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ (АКАЗУМ)

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, Декември 2023 година**

# СОДРЖИНА:

Поглавие: Страна:

1. Вовед ....................................................................................................................3
2. Анализа на состојбата .............................................................................................5
3. Мисија и визија .........................................................................................................8
4. Задачи и обврски на АКАЗУМ .............................. ..................................................8
5. Специфичност на АКАЗУМ - планирани промени ...................................................9
6. Структура на АКАЗУМ и органите во состав ..........................................................9
7. Приоритети и цели на АКАЗУМ ..............................................................................12
8. Осврт на постигнатите резултати во претходната година .......................................12
9. Осврт на постигнати и очекувани резултати до крајот на тековната година ..........15
10. Програми и план за спроведување .........................................................................20
11. Влијание врз човечките ресурси ............................................................................38
12. Принципи на соодветна и правична застапеност ...................................................38
13. Принципи на еднакви можности на мажите и жените .............................................38
14. Развивање на заедничките функции ........................................................................39

# 1. Вовед

Стратешкиот план на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи (во понатамошниот текст АКАЗУМ) за 2024 година претставува пишан документ во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на стратешките приоритети и цели, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот период.

Стратешкиот план, како основен инструмент, ги одразува приоритетите, целите и задачите на АКАЗУМ, кои се во согласност со стратешките приоритети и цели на Владата на Р.С. Македонија, за 2024 година. Во генералните стратешки приоритети на владата, делот на здравствената заштита на населението е дефинирано во следните 5 (пет) приоритетни точки:

1. Зајакнување на здравствените системи фокусирани врз луѓето и капацитетите во јавното здравство и службите за Итна медицинска помош.

2. Промоција на здравјето и зајакнати превентивни активности.

3. Модернизација и хармонизација на здравството во насока на управувањето и отчетноста на здравствениот систем, а со цел континуирано унапредување на квалитетот и безбедноста на здравството.

4. Подобрување на здравствената состојба на населението и здравствена заштита за секој граѓанин здравствен систем фокусиран кон пациентот.

5. Изградба на "Primary data center" за органите на државна управа, јавните претпријатија, училиштата, општините, болниците и другите институции во Р.С. Македонија.

Овој стратешки план претставува водич на сите вработени во АКАЗУМ, во однос на исполнување на нивните задачи и обврски.

Функцијата на самиот документ, имплицира потреба од анализа на програмите и потпрограмите, како и мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Консеквентно на тоа, се наметнува потреба од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на АКАЗУМ, кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на Р.С. Македонија.

Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи е единствена институција во Р.С. Македонија, која согласно Закон врши акредитација на здравствени установи врз основа на претходно утврдени и усвоени стандарди за акредитација. Агенцијата е основана од страна на Владата на Република Р.С. Македонија, како независен орган на државната управа и нејзиниот статус и надлежности се точно утврдени во рамки на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012; 145/2012; 87/2013; 164/2013, 39/2014, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16). Агенцијата започна со работа со Актот за упис во Централниот Регистар на Р.С.Македонија со решение бр. 30120140025568, на 25.07.2014 година. Со Агенцијата раководи директор Фуркан Болеци, именуван со претходно решение од Владата на Р.С.Македонија бр. од 28.10.2020 година.

Институцијалните напори за создавање на систем за унапредување на квалитетот на здравствената заштита во Р.С. Македонија, а во тие рамки и отпочнување на процесот на акредитација, започнува со донесување на Решение за формирање на работна група од претставници на Министерство за здравство на 05-ти јануари 2010 година. Целта на формирањето на оваа работна група била да ги започне подготвителните активностите за воспоставување на систем за унапредување на квалитетот во здравството. Поради поефикасна координација на активностите поврзани со унапредување на квалитетот на здравствената заштита, во рамките на Министерството за здравство во декември 2011 година се формираше Сектор за следење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги. Секторот имаше привремен карактер и требаше да ги координира на национално ниво сите активности поврзани со квалитетот се до формирање на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

Претставниците на Секторот за следење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги како членови на Работната група за изработка на новиот Закон за здравствена заштита, предложи и ги изработи законските одредби на новото поглавје за квалитетот на здравствена заштита.

Во рамките на овој закон кој влезе во сила во Мај 2012 година, се постави законска рамка за спроведување на активностите за унапредување на квалитетот на здравствената заштита, како и за формирање и функционирање на Агенција за квалитет и акредитација на здравствените установи.

Во јули 2014 година е почнува со работа Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, која што на национално ниво ги координира политиките и активностите за следење и унапредување на квалитетот на здравствена заштита.

## 2. Анализа на состојбата

### 2.1. SWOT Анализа

SWOT (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats) е една од алатките за стратешко планирање која се осврнува на анализа на: предностите или силните страни, слабостите, можностите и заканите односно опасностите во работењето на АКАЗУМ. Посочените фактори се дадени во табеларен приказ:

| Предности (силни страни) | Слабости (слаби страни) |
|---|---|
| - Компетентност на вработените во Агенцијата во унапредување на процесот на акредитација.<br>- Компетентност на вработените во Агенцијата во унапредување на квалитетот на работењето.<br>- Компетентност на вработените во Агенцијата на тематиката која се однесува за права на пациентите.<br>- Континуирана соработка на Агенцијата со сестринските Агенции од регионот чија дејност е унапредување на квалитетот на здравствените установи.<br>- Активно учество во работата на здравствената мрежа на југоисточна Европа. | - Недоволен број на човечки ресурси.<br>- Неизвесна финансиска одржливост на Агенцијата.<br>- Недоволен број на надворешни оценувачи одговорни за процесот на акредитација.<br>- Непочитување на законската одредба за обврската на здравствените установи за задолжителна акредитација. |

| Можности (шанси) | Закани (опасности) |
|---|---|
| - Зголемување на бројот на вработени во Агенцијата.<br>- Зајакнување на капацитетот на вработените во смисла на доедукација и посетување на стручни симпозиуми надвор од земјата.<br>- Спроведување на постапки кои се задолжителни за процесот на акредитација во здравствените установи и приватната пракса како и регулирање на доброволниот дел на акредитацијата за унапредување на квалитетот на работата.<br>- Учество во меѓународни проекти и обезбедување на донации.<br>- Зголемување на мрежата на надворешни оценувачи.<br>- Зацврстување на позицијата на Агенцијата во системот на здравствена заштита.<br>- Изработка и ревизија на постоечките стандарди за акредитација.<br>- Соработка со УНИЦЕФ и невладиниот сектор<br>- Соработка со Министерството за здравство, ФЗО, институтите и заводите за јавно здравје и сродни професионални организации. | - Недоволен број на човечки ресурси.<br>- Недоволна системска поддршка од страна на Министерството за здравство.<br>- Недоволна соработка на ФЗО со. Агенцијата при процесот на системско недефинирање/ неспроведување на легислативната улога на ФЗО во процесот на акредитација.<br>- Промени во здравствените политики кои се наложени од страна на владата на Р.С. Македонија. |

## 2.2. PESTLE Анализа

PESTLE (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Environmental) анализата е исто така алатка за анализа на состојбите во АКАЗУМ и се осврнува на влијанието на надворешните фактори во работењето на АКАЗУМ. Посочените фактори се дадени во табеларен приказ:

| Политички фактори | Економски фактори | Социјални фактори |
|---|---|---|
| - Стратешки приоритети и приоритетни цели на Владата на Р.С. Македонија.<br>- Заклучоци кои произлегуваат од седниците на владата, а кои се однесуваат на Министерството за здравство.<br>- Редизајнирање на буџетската политика на Владата како и Министерството за финансии и ФЗО во областа на здравството.<br>- Извештаите и насоките на институциите на ЕУ од областа на здравството. | - Обезбедени финансии во рамки на буџетот на Р.С.Македонија.<br>- Пристап до меѓународни програми и фондови.<br>- Можности за обезбедување на финансиски и други средства од донатори за спроведување на одредени проектни активности или набавки. | - Влијание на граѓанскиот сектор.<br>- Информирање на медиумите за работењето на АКАЗУМ. |

| Технолошки фактори | Правни фактори | Еколошки фактори |
|---|---|---|
| - Напредок на дигиталните технологии.<br>- Промени во современите хардверски и софтверски ИТ решенија.<br>- Влијание на промени на | - Измени на општите закони и подзаконски акти.<br>- Измени во законот за здравствена заштита.<br>- Меѓународни договори (билатерални и мултилатерални), како и други акти на меѓународно ниво. | - Климатски промени.<br>- Обврски за заштита на животната средина и воведување на стандарди за нејзина заштита. |

| | | |
|---|---|---|
| применетата опрема и технологија. | | |

## 3. Мисија и визија

Мисија на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи е да обезбеди квалитет и безбедност во работењето на сите здравствени установи во Р.С. Македонија, преку процес на издавање на соодветни сертификати како и нивна контрола и ресертификација.

Визијата на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи е да биде водечка институција во следењето на квалитетот на работата на здравствените установи и континуирано унапредување на квалитетот на нивното работење, со што значително ќе се придонесе во подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Р.С. Македонија. Процесот ќе се одвива во услови на континуирани реформи во доменот на работењето.

## 4. Задачи и обврски на АКАЗУМ

Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи АКАЗУМ во своето работење ги има следните задачи и обврски:

- Развива систем за акредитација усогласен со европската и меѓународната пракса од оваа област;
- Ги утврдува стандардите за акредитација на здравствените установи;
- Врши процена на квалитетот на укажаната здравствена заштита на пациентите;
- Спроведува акредитација на здравствените установи;
- Издава сертификати за акредитација и води евиденција за издадените сертификати;
- Развива инструменти за унапредување на квалитетот и безбедноста на здравствената заштита и помага во имплементацијата на истите во здравствените установи;
- Спроведува едукација од областа на квалитетот на здравствената заштита и акредитацијата;
- Помош при изработка на клинички упатства и протоколи;
- Евалуација и избор на постоечка технологија и воведување нови потребни технологии во здравствениот систем;
- Намалување на ризици и грешки во здравствените установи во насока на зголемување на безбедноста при лекување;
- Ги развива, ревидира и унапредува стандардите на здравствена заштита во здравствените установи, прави проверка на имплементација на стандардите и дава стручна помош на здравствените установи за успешна подготовка до постапка на надворешно оценување;
- Врши следење, одржување и унапредување на здравствената заштита по акредитацијата;

- Врши и други работи од областа на унапредување на квалитетот и безбедноста на здравствената заштита во согласност со Законот за здравствена заштита и прописите донесени врз основа на истиот закон.

## 5. Специфичност на АКАЗУМ - планирани промени

Специфичноста на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи АКАЗУМ во однос на другите државни органи се дефинира преку основната дејност на Агенцијата, односно вршење на стручни и развојни работи поврзани со постапката на акредитација и постојано унапредување на квалитет на здравствена заштита како што се: развивање на стандарди за акредитација, проценка на квалитетот на работење на здравствените установи (акредитација), издавање на сертификати на акредитирани здравствени установи и нивна евиденција.

Во своето работење, агенцијата клучниот фокус го насочува кон сестрано унапредување на квалитет и безбедност на пружање на здравствена заштита, со помош на претходно утврдени механизми за евалуација на квалитет и акредитација во здравството.

Како клучен чинител во здравствениот систем, напорите на Агенцијата се постојано ориентирани кон промоција на димензијата на квалитет и акредитација со цел чекорење со постоечките современи трендови.

## 6. Структура на АКАЗУМ и органите во состав

Со Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи АКАЗУМ раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Р.С. Македонија.

Агенцијата во својот состав брои 3 (три) организациони единици, односно одделенија:

Одделение за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита.

Одделението за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита врши работи поврзани пред се со мониторинг и евалуација на работењето на здравствените установи, а кои се насочени кон унапредувањето на квалитетот и безбедноста на здравствената заштита. Заради тоа во рамките на ова одделение се вршат следните дејности:

- Се дефинираат механизмите за следење и унапредување на квалитет, како што се индикаторите за квалитет и начините на нивното евалуирање;
- Се воспоставува соработка со внатрешните комисии кои се формираат во болниците, за следење на квалитетот со цел давање на предлози за превземање конкретни мерки за унапредување на здравствената заштита;
- Се организираат локални и регионални средби на координатори на внатрешните комисии за следење на квалитетот на здравствената заштита,

6.2. Одделение за акредитација на здравствените установи.

Одделението за акредитација на здравствените установи  е надлежно во креирање на политики и стратегии во однос на воспоставување на акредитацијата како механизам за потврда на нивото на квалитет на работење на здравствените установи.

Во делокругот на ова одделение спаѓа целокупна реализација на процесот на акредитација кој подразбира дефинирање и развивање на стандардите за акредитација како и ревизија и унапредување на истите, организирање и спроведување на постапката за акредитација, која подразбира заради што соработува со Комисиите за внатрешно оценување во рамки на здравствените установи, спроведување обуки за надворешните оценувачи, водење на регистер на акредитирани здравствени установи и издадени сертификати.

6.3. Одделение за правни работи, управување со човечки ресурси, финансиско работење и административна поддршка на АКАЗУМ.

Одделението за правни работи, управување со човечки ресурси, финансиско работење и административна поддршка на АКАЗУМ врши работи кои се однесуваат на подготвување на законски и подзаконски акти од областите во надлежност на Агенцијата, давање стручни мислења за примена на закони, други прописи и општи акти од областа на здравството, следењето и унапредување на квалитетот и акредитацијата, како и изготвува мислења по прашања по кои се донесуваат одлуки на ниво на Агенцијата.

Истовремено врши работи на изготвување и проучување на правни и управно-правни акти кои се однесуваат пред се на проблематиката на следењето и унапредување на квалитетот на здравствената заштита и акредитацијата на здравствените установи, постапува по предмети од општа управна постапка, кои вклучуваат постапување по однос на заклучок од Влада на Република Македонија.

Врши работи кои се однесуваат на архивското работење и управувањето со човечки ресурси како и работи во врска со буџетското работење во смисла на изготвување, следење и реализација на буџетот.

Органограм на организациската структура на АКАЗУМ




Органограм на поставеноста на АКАЗУМ



# 7. Приоритети и цели на АКАЗУМ

Дефинирани се два главни приоритети во работењето на АКАЗУМ:

1. Подобрување на процесот на акредитација во функција на унапредување на квалитетот на работата на здравствените установи.

Во насока на остварување на овој приоритет дефинирани се следните приоритетни цели:

- Унапредување на процесот на акредитација согласно меѓународни стандарди;
- Интензивирање на акредитацијата и
- Зголемување на опфатот на акредитација со вклучување на сите видови на јавни и приватни здравствени установи.

2. Развивање на инструменти за следење и унапредување на квалитетот и безбедноста на здравствената заштита.

Во насока на остварување на овој приоритет дефинирани се следните приоритетни цели:

- Развивање и имплементација на систем за пријавување на несакани случувања и „triger tool“ за несакани случувања во рамки на здравствените установи и
- Имплементација на систем за следење на индикатори за квалитет во рамки на здравствените установи.

Дополнително како приоритети во тековното работење на АКАЗУМ дефинирани се следниве

- Спроведување на процесите преку идентификација на потребите на пациентите и здравствениот систем;
- Усогласеност со највисоките етички стандарди на транспарентност, почитување, интегритет, ефикасност и ефективност;
- Стремеж за постојано подобрување на квалитетот и безбедноста на здравствената заштита, фокусирана на пациентот, неговото семејство и најблиското опкружување;
- Постојано унапредување на знаењето и вештините на сите вработени;
- Унапредување на општествена одговорност, квалитет во работата, тимска работа и транспарентност, професионалност, креативност, точност и флексибилност.

# 8. Осврт на постигнатите резултати во претходната година

## 8.1. Процес на акредитација

Во текот на  2022 година, АКАЗУМ активно работеше со здравствените установи за нивна подготовка за процесот на акредитација за 2022 година, одржуваше контакти и даваше инструкции и поддршка за реализација на процесот за подготовка на здравствените установи кои се во почетна фаза на процесот на акредитација како и оние здравствени установи кои се во понапредна фаза и тоа со:

1. ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас- Битола
2. ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство- Скопје
3. ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија
4. ЈЗУ УК за Хематологија
5. ПЗУ Неуромедика
6. ЈЗУ ОБ Куманово
7. ЈЗУ УК за Кардиохирургија
8. ЈЗУ УК за Психијатрија
9. ПЗУ Систина офталмологија
10. ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација

Во текот на месец јули односно 19, 20 и 21 јули 2022 година беше спроведено надворешно оценување во ЈЗУ ОБ Куманово , при што истата се стекна со статус на акредитирана здравствена установа за период од три (3) години. ЈЗУ ОБ Куманово како здравствена установа е акредитирана по втор пат со што оваа установа врши постојано унапредување на квалитетот на своето работење преку имплементирање на болничките стандарди за акредитација.

Во текот на втората половина од 2022 година е спроведено надворешно оценување на здравствената установа ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство - Скопје.

Надворешното оценување во ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство - Скопје се реализираше во месец септември односно 26, 27 и 28.09.2022 година и оваа установа се стекна со акредитација со време траење од три (3) години.

Останатите здравствени установи кои активно работеа во подготвителниот процес за акредитација се планирани за надворешни оценувања во тек на прва половина на 2023 година.

По усвојување на стандардите за акредитација на ординации од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) од страна на Владата на Р.С.Македонија АКАЗУМ активно работеше во спроведување на процесот на акредитација на здравствени установи-ординации од примарната здравствена заштита.

Активно се вршеше подготовка за акредитација на пет (5) ординации од ПЗЗ и истите се стекнаа со статус на акредитирана здравствена установа и тоа:

1. ПЗУ Др. Емилија Хаџиќ
2. ПЗУ Ревита
3. ПЗУ Др.Митка Тренчева
4. ПЗУ Др.Русанка Крстевска
5. ПЗУ Др.Светлана Смугреска

И покрај заложбите на АКАЗУМ за спроведување на процесот на акредитација во ординации од ПЗЗ, односно ординации по општа (семејна) медицина, педијатриски ординации и гинеколошко акушерски ординации, истиот не беше добро прифатен од страна на ординациите.

## 8.2. Предлог промени во законската регулатива

Агенцијата во соработка со Министерство за здравство предложи мерки за редефинирање на моделот на акредитација во примарна здравствена заштита со цел истиот да стане прифатлив за ординациите од ПЗЗ.

Во контекст на овие активности Владата на Р.С.Македонија на 75 -тата седница одржана на 30 август 2022 година го задолжи Фондот за здравствено осигурување во соработка со Агенцијата да ја разгледа можноста за редефинирање на моделот на акредитација во примарна здравствена заштита и да предложи стимулативни мерки за приватните здравствени установи од примарно ниво кои ќе се акредитираат (точка 47 : Информација за унапредување на системот на примарна здравствена заштита, а како резултат на соработката и средбите со избраните лекари, како и за потребите за вршење на дополнителни анализи во врска со истото).

Агенцијата бара од Владата на Р.С.Македонија да помогне во остварување на соработката со ФЗОМ, со цел заедничко постапување по однос на горенаведеното Владино укажување.

## 8.3. Обуки

Во текот на месец декември 2022 година во рамки на спроведување на процесот на акредитација во ординации од ПЗЗ, Агенцијата спроведе и обуки за претставување на процесот на акредитација и начинот на имплементирање на стандардите за акредитација во ординации по гинекологија и акушерство.

Покана за учество на обуките беше испратена до сите ординации по гинекологија и акушерство од ПЗЗ во Р.С.Македонија и истите беа спроведени успешно.

Истата се одвиваше во неколку групи со задоволително присуство на избраните учесници, повеќе од планираното присуство. На обуките учествуваа над 50% од матичните гинеколози според последната евиденција на ФЗОМ, односно 76 ординации. Претставниците од ординациите изразија особен интерес во поглед на запознавање пред се на целиот процес на следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита и акредитацијата, со посебен фокус на сетот на стандарди за акредитација кои се однесуваат конкретно на полето на гинекологија и акушерство.

И покрај максималната ангажираност на Агенцијата да го отпочне процесот за подготовка за акредитација во одредени ЗУ или истиот да го продолжи во веќе акредитирани здравствени установи, контакти со менаџментот, спроведени обуки кај дел од вработените, дел од нив не покажуваат интерес за процесот и покрај законската обврска.

## 8.4. Мониторинг

Во однос на спроведување мониторинг во втората половина од 2022 година АКАЗУМ спроведе мониторинг врз следните здравствени установи:

1. Редовен мониторинг во УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања,
2. Редовен мониторинг ЈЗУ СБ за геријатриска и палијативна медицина- Скопје,
3. Редовен мониторинг ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас- Скопје.

## 8.5. Изработка и развој на стандарди за акредитација на стоматолошки ординации

Во текот на 2022 година Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи заедно со работна група интензивно работеше за изработка и дефинирање на текст на стандарди за акредитација на ординации по стоматологија.

Работната група изработи стандарди кои треба да се пилотираат преку процес на тест имплементација на работната верзија на стандардите во неколку ординации по стоматологија, а за таа цел Агенцијата одржа состанок со Стоматолошката комора на Р.С.Македонија и објави јавен повик за пријавување на ординации кои ќе учествуваат во процесот на пилотирање на стандардите.

Пилотирањето планирано е да се спроведе во првата половина од 2023 година, по што ќе се финализира текстот на стандардите и истиот ќе се поднесе до Владата на Р.С.Македонија за усвојување.

## 8.6. Меѓународна и регионална соработка

Во текот на 2022 година Агенцијата оствари соработка со Светската здравствена организација (СЗО), преку канцеларијата на СЗО во Скопје и со регионалниот Центар за квалитет на СЗО со седиште во Атина, со цел зајакнување на капацитетите и улогата на Агенцијата во рамки на здравствениот систем во Р.С.Македонија.

Оваа соработка се реализира во контекстот на две годишниот договор на соработка на СЗО со Министерството за здравство на Р.С.Македонија , во кој квалитетот на здравствената заштита и безбедноста на пациентите се идентификувани како посебни области од интерес.

Во рамки на оваа соработка во текот на месец декември надворешни консултанти од СЗО спроведоа мисија во областа на безбедност на пациенти во Р.С.Македонија и направија евалуација на капацитетите на Агенцијата, за што беше доставен Извештај до Министерството за здравство.

Агенцијата активно учествува во активностите на регионално ниво кои се остваруваат преку Здравствената мрежа на Југоисточна Европа.

Претставници на Агенцијата во месец септември 2022 година земаа учество на Тркалезната маса организирана од страна на Мрежата, под наслов „Доброволна наспроти задолжителна акредитација“.

На овој настан учествуваа сите земји членки во Здравствената мрежа на Југоисточна Европа и беа покренати иницијативи за интензивирање на соработката со цел унапредување на процесот на акредитација.

# 9. Осврт на постигнати и очекувани резултати до крајот на тековната година

## 9.1. Процес на акредитација

Во текот на 2023 година, АКАЗУМ активно работеше со здравствените установи за нивна подготовка за процесот на акредитација за 2023 година.

Во текот на месеците јануари и февруари 2023 година, Агенцијата реализираше серија на состаноци со околу триесет (30) здравствени установи од болничка здравствена дејност.

Состаноците беа иницирани од страна на Агенцијата со покана до сите болнички здравствени установи преку допис доставен до истите по електронска пошта, во кој што беше наведена потребата и неопходноста на здравствените установи да пристапуваат кон процесот на акредитација.

Агенцијата во периодот јануари – декември 2023 година одржуваше контакти и даваше инструкции и поддршка за реализација на процесот за подготовка на здравствените установи кои се во почетна фаза на процесот на акредитација како и оние здравствени установи кои се во понапредна фаза и тоа со:

1. ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина “13 Ноември”– Скопје
2. ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија
3. ЈЗУ УК за Детски болести
4. ЈЗУУК за инфективни болести и фебрилни состојби
5. ЈЗУ УК за Торакална и васкуларна хирургија
6. ПЗУ Систина офталмологија
7. ЈЗУ Клиничка болница Тетово
8. ПЗУ Промедика
9. ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација
10. ПЗУ СБ Деница
11. ПЗУ Плодност – Битола
12. ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас- Битола
13. ПЗУ ОБ Санте плус
14. ПЗУ Европска Очна болница – Скопје
15. ЈЗУ УК за Хематологија
16. ЈЗУ УК за Урологија

Во текот на месец март односно 27,28 и 29 март 2023 година беше спроведено надворешно оценување во ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина “13 Ноември”- Скопје, при што истата се стекна со статус на акредитирана

здравствена установа за период од три (3) години. ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина “13 Ноември”- Скопје како здравствена установа е акредитирана по третпат со што оваа установа врши постојано унапредување на квалитетот на своето работење преку имплементирање на болничките стандарди за акредитација.

Во текот на првата половина од 2023 година е спроведено надворешно оценување на здравствената установа ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје. Надворешното оценување во ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје се реализираше во месец мај односно 30 и 31 мај 2023 година и оваа установа се стекна со акредитација по прв пат со време траење од три (3) години.

Во текот на месец јули односно 5 и 6 јули 2023 година беше спроведено надворешно оценување во ПЗУ Систина офталмологија – Скопје, при што истата се стекна со акредитација по прв пат за период од пет (5) години.

Во текот на втората половина на 2023 година се спроведе надворешно оценување на здравствената установа ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје.

Надворешното оценување во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје се реализираше во месец септември односно 26, 27 и 28 септември 2023 година, при што оваа установа се стекна со акредитација по прв пат со време траење од три (3) години.

Останатите здравствени установи кои активно работеа во подготвителниот процес за акредитација се планирани за надворешни оценувања во текот на првата половина на 2024 година.

### 9.2. Мониторинг

Агенцијата во текот на втората половина на 2023 година односно во месец декември спроведе мониторинг во пет (5) ординации од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) кои се стекнаа со статус на акредитирани здравствени установи во текот на 2022 година.

Мониторинзи беа спроведени во следните ординации од ПЗЗ:

1. ПЗУ Др.Митка Тренчева
2. ПЗУ Ревита
3. ПЗУ Др.Русанка Крстевска
4. ПЗУ Др.Светлана Смугреска
5. ПЗУ Др. Емилија Хаџиќ

И покрај заложбите на Агенцијата за спроведување на процесот на акредитација во ординации од ПЗЗ, односно ординации по општа(семејна) медицина, педијатриски ординации и гинеколошко акушерски ординации, истиот не беше добро прифатен од страна на ординациите.

Во однос на спроведување на мониторинг во втората половина од годинава беа спроведени следните мониторинзи:

1. Редовен мониторинг ЈЗУ Општа болница Куманово,
2. Редовен мониторинг ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство - Скопје,
3. Редовен мониторинг ЈЗУ СБ за геријатриска и палијативна медицина- Скопје,
4. Редовен мониторинг ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас- Скопје

### 9.3. Предлог промени во законската регулатива

Агенцијата во соработка со Министерство за здравство предложи мерки за редефинирање на моделот на акредитација во примарна здравствена заштита со цел истиот да стане прифатлив за ординациите од ПЗЗ.

Во контекст на овие активности Владата на Р.С. Македонија на 75 седница одржана на 30 август 2022 година го задолжи Фондот за здравствено осигурување во соработка со Агенцијата да ја разгледа можноста за редефинирање на моделот на акредитација во примарна здравствена заштита и да предложи стимулативни мерки за приватните здравствени установи од примарно ниво кои ќе се акредитираат ( точка 47 : Информација за унапредување на системот на примарна здравствена заштита, а како резултат на соработката и средбите со избраните лекари, како и за потребите за вршење на дополнителни анализи во врска со истото).

Агенцијата бара од Владата на Р.С. Македонија да помогне во остварување на соработката со ФЗОМ, со цел заедничко постапување по однос на горе наведеното Владино укажување.

И покрај максималната ангажираност на Агенцијата да го отпочне процесот за подготовка за акредитација во одредени ЗУ или истиот да го продолжи во веќе акредитирани здравствени установи, контакти со менаџментот, спроведени обуки кај дел од вработените, дел од нив не покажуваат интерес за процесот и покрај законската обврска.

ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата Козле, ЈЗУ УК за Кардиологија и ЈЗУ ОБ Охрид иако веќе се имаа стекнато со акредитација, процесот за реакредирање одбиваат да го продолжат и не ја продолжуваат соработката со Агенцијата.

Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи предложи до Владата на Р.С. Македонија мерки кои треба да се преземат кон доле наведените здравствени установи кои не соработуваа со Агенцијата во процесот на акредитација, иако тоа е нивна законска обврска согласно Законот за здравствена заштита за да се обезбеди нивно пристапување кон процесот на акредитација.

